МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit te arsimit

| Примено Pranuar | 04.3.25 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. Njësia | Број Numri | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 8-10/8 | | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 18-360/3
3 - MAR 2025 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 30 ставови (3) и (6) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, бр.229/20 и бр.03/25), министерката за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за изменување и дополнување на наставната програма по техничко образование и информатика за петто одделение во основното образование, во делот на нормативот за наставен кадар**

1. Со ова Решение се изменува и дополнува наставната програма по техничко образование и информатика за петто одделение во основното образование, во делот на нормативот за наставен кадар и гласи:

„Воспитно- образовната работа по наставниот предмет техничко образование и информатика во петто одделение во основно образование може да ја изведува лице кое завршило студии за:

- Наставник по техничко образование, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;
- Професор по информатика и техничко образование, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;
- Професор по производно техничко образование, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;
- Информатика, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, наставна насока;
- Математика-информатика, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, наставна насока;
- Информатика, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, применета насока, со педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа;
- Компјутерска едукација, компјутерски науки, компјутерско инженерство, примена на информациски технологии, софтверско инженерство, Интернет, мрежи и безбедност и информациски системи, компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, компјутерски технологии и инженерство, компјутерско хардверско инженерство и електроника, телекомуникации и информациско инженерство, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, со педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа;
- Информатика, информациски или информациско-комуникациски технологии на акредитираните универзитети во Република Северна Македонија или странство, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, со педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа;
- Машински инженер, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, со педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа;

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е:

Согласно член 30 став (3) од Законот за основното образование, воспитно-образовната работа во основното училиште се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот. Согласно ставот (6) од наведениот член, со наставните програми се определуваат резултатите од учењето, основните поими, активностите и методите во наставата, стандардите за оценување на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Заради потребата од усогласување на наставната програма по техничко образование и информатика за петто одделение во основното образование, во делот на нормативот за наставен кадар, со студиските програми по информатика и техничко образование на акредитираните високообразовни установи во Република Северна Македонија, и земајќи го во предвид член 54 став (7) од Законот за основното образование, Бирото за развој на образованието со допис бр.08-10/5 од 13.02.2025 година, доставен до Министерството за образование и наука, предложи изменување и дополнување на наставната програма по техничко образование и информатика за петто одделение во основното образование, во делот на нормативот за наставен кадар.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Министерка за образование и наука**
**Проф.д-р Весна Јаневска**

Доставено до:
- Сектор за основно образование
- Биро за развој на образованието
- архива

Изготвил: Гордана Ѓ. Трајчева
Контролирал: Бојан Митковски
Одобрил:Милка Масникоса